Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2019 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

**I. Реален сектор**

Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6
Инфлација ........ 6
Берзански цени ........ 7

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз ........ 9
Увоз ........ 10
Салдо на трговска размена ........ 11
Валутна структура ........ 11

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација ........ 12
Приходи по буџетски корисници ........ 13
Буџетски расходи според економската класификација ........ 14
Расходи по буџетски корисници ........ 15
Буџетско салдо.. ........ 17

**4. Социјален сектор**

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ........ 18
Плати ........ 19
Пензии ........ 19

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари ........ 20
Депозитен потенцијал ........ 21
Кредити на банките ........ 22
Каматни стапки на депозитни банки ........ 22
Пазар на капитал ........ 23
Девизни резерви ........ 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2019 година

- Индустриското производство во јуни 2019 година забележа пад од 2,7% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јуни 2019 година се зголемија за 0,3% во однос на јуни 2018 година, по растот од 1,4% во мај 2019 година;
- Во периодот јануари - јуни 2019 година извозот забележа раст од 14,1%, а увозот од 11,2%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 2,3%, споредено со истиот период од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2019 година изнесуваа 96.211 милиони денари, односно 13,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,1% во однос на 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2019 година изнесуваа 103.242 милиона денари, односно 14.8% од БДП, што е за 8,5% повеќе во однос на 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во јуни 2019 година се зголемија за 8,1% во споредба со јуни 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,5%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# *1. РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

Индустриското производство во јуни 2019 година забележа пад од 2,7% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија од 6,7% (негативен придонес од 5,2 п.п.). Во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација е забележан раст од 34,3% (придонес од 4,2 п.п.), додека во секторот Рударство и вадење камен раст од 5,2% (придонес од 0,6 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

И покрај севкупниот пад во индустријата, раст на производство во јуни 2019 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 61,2% во структурата на вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст во јуни 2019 година е забележан кај производството на моторни возила од 9,7% и придонес од 1,0 п.п., на електрична опрема од 18,1% и придонес од 0,7 п.п., како и на машини и уреди од 4,9% и придонес од 0,5 п.п.. Сепак, падот во индустријата е последица на намаленото производство кај гранките со повисоко учество во структурата, па така производството на фабрикувани метални производи бележи пад од 58,7% и негативен придонес од 2,2 п.п., а производството на метали пад од 30,6% и негативен придонес од 1,2 п.п.. Пад на производството во јуни 2019 година бележат и традиционалните гранки со високо учество, така што производството на облека бележи пад од 16,6% и негативен придонес од 1,4 п.п., а прехранбената индустрија пад од 13,8% и негативен придонес од 1,3 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Падот на производството според намената на произведените единици во јуни 2019 година е главно последица на падот кај гранките Нетрајни производи за широка

потрошувачка од 10,1% (придонес од -3,2 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 4,7% (придонес од -1,4 п.п.).

Согласно кумулативните податоци, во првото полугодие од 2019 година е забележан раст на индустриското производство од 4,8%, што во најголем дел се должи на растот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 19,6% (придонес од 2,4 п.п.), а во помал дел на растот во секторите Преработувачка индустрија од 2,5% (придонес од 1,9 п.п.) и Рударство и вадење камен од 4,4% (придонес од 0,5 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Податоците по гранки укажуваат дека раст е забележан кај 15 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 67,8% од структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 19,6% и придонес од 2,4 п.п., производството на машини и уреди од 18,7% и придонес од 1,8 п.п., како и кај производството на моторни возила од 6,0% и придонес од 0,6 п.п..

Кај наменските групи, растот во периодот јануари - јуни 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во групата Енергија од 19,5% (придонес од 2,8 п.п.), а во помала мера и на групите Интермедијарни производи, освен енергија од 4,2% (придонес од 1,2 п.п.) и Капитални производи од 4,2% (придонес од 0,9 п.п.).

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јуни 2019 година е

намален за 2,8%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 3,0%, Рударство и вадење камен од 1,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2019 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено во групата Капитални производи од 3,7%, додека пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,1%, Трајни производи за широка потрошувачка од 5,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,5% и Енергија од 1,3%.

На кумулативна основа, во првото полугодие од 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 1,0%, кој се должи на падот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 1,1%, Рударство и вадење камен од 0,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,2%.

Согласно податоците за наменски групи, во првите шест месеци од 2019 година е забележан раст единствено во групата Капитални производи од 8,5%, додека пад бележат групите Трајни производи за широка потрошувачка од 4,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,4%, Енергија од 0,9% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,4%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јуни 2019 година е поповолна во однос на мај 2019 година, како и во однос истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јуни изнесува 69,9%, што претставува зголемување споредено со претходниот месец, кога изнесувало 69,6%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,1 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јуни имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 26,2%, недоволната странска побарувачка со 15,6%, недоволната домашна побарувачка со 14,4%, неизвесното економско опкружување со 11,9%, финансиските проблеми со 8,5%, конкурентниот увоз со 6,2% и недостигот на суровини со 5,5%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јуни 2019 година во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на мај 2019 година, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2019 година издадени се вкупно 202 одобренија за градење, што претставува пад од 1,5% во однос на јуни 2018 година. На месечна основа, бројот на издадени одобренија за градење се намали за 9,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2019 година во однос на јуни 2018 година бележи пад од 23,0%. Вредноста на објектите споредено со мај 2019 година е намалена за 43,0%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 128 (или 63,4%) се наменети за објекти од високоградба, 26 (или 12,9%) за објекти од нискоградба и 48 (или 23,7%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 202 издадени одобренија за градба, на 124 објекти (или 61,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 78 објекти (или 38,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јуни 2019 година предвидена е изградба на 516 станови, со вкупна корисна површина од 34.471м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на претходниот месец бележи раст од 11,4%, а на годишна основа пад од 6,9%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јуни 2019 година се зголемија за 0,3% во однос на јуни 2018 година, по растот од 1,4% во мај 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – јуни 2019 година изнесува 1,2%.

Во јуни 2019 година цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, останаа непроменети на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во јуни 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,6% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 2,9%, Рекреација и култура од 1,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0% и Ресторани и хотели од 0,7%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во јуни 2019 година е регистриран во категориите: Комуникации од 1,6%, Транспорт од 1,1%, Облека и обувки од 0,6%, Останати стоки и услуги и Образование од по 0,5%, и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%.

Потрошувачките цени во јуни 2019 година се намалија за 1,1% во однос на претходниот месец. Притоа, најголемо намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци од 2,6%, следено со намалувањето на цените во следните категории: Транспорт од 0,9%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,6% и Останати стоки и услуги од 0,2%.

Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Рекреација и култура од 0,4%, Комуникации од 0,2% и Облека и обувки и Ресторани и хотели од по 0,1%. Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици Домување, вода, електрика, гас и други горива, Здравје и Образование останаа непроменети.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените на мало во јуни 2019 година во однос на истиот месец претходната година останаа непроменети, а на месечна основа регистрираа пад од 0,7%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јуни 2019 година споредено со претходниот месец бележи пад од 10,3% и изнесува 63,3 долари за барел. Во



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

однос на јуни 2018 година, цената на нафтата се намали за 15,8%. Цената на природниот гас во јуни 2019 година на годишна основа опадна за 10,8%.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во јуни 2019 година се тргуваше со просечна цена од 11.944 долари за еден метрички тон ($/мт) и бележи месечно намалување на цената од 0,6%. Споредено со истиот месец од 2018 година, цената на никелот е пониска за 20,9%. Покрај никелот, месечен пад на цените во јуни бележат и останатите основни метали, освен оловото, чија цена се зголеми за 4,7%. Така, цената на цинкот се намали за 5,2%, на бакарот за 2,3%, на калајот за 1,7% и на алуминиумот за 1,4%. Цената на железната руда во јуни на месечна основа се зголеми за 8,8%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, цената на златото во јуни 2019 година во однос на мај 2019 година бележи раст од 5,9%, на среброто од 2,6%, а цената на платината се намали за 3,0%.

Цената на пченката на светските берзи во јуни 2019 година споредено со мај 2019 година бележи зголемување од 14,0%, а цената на пченицата од 3,3%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првата половина од 2019 година изнесува 7.242,1 милион евра, што претставува раст од 12,4% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - јуни 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,5 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 71,6%.

# Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - јуни 2019 година изнесува 3.157,7 милиони евра и бележи раст од 14,1% (390,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 16,3%.

Вредноста на извезените стоки во јуни 2019 година изнесува 532,9 милиони евра и бележи раст од 10,4% (50,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 2,6%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2019 година извозот бележи пад од 4,6% (25,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 2,2%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јуни 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,0% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - јуни 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија,

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата ЕФТА. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 12,7% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 17,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 82,2% и 10,9% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - јуни 2019 година изнесува 4.084,4 милиони евра и бележи раст од 11,2% (411,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 14,1%.

Вредноста на увозот во јуни 2019 година изнесува 614,8 милиони евра, што претставува пад од 4,2% (26,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се намалени за 8,6%.

**Графикон 2.4:**Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2019 година увозот бележи пад од 14,4% (103,7 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 7,6%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2018 | I - VI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 13,5 | 22,3 | 8,8 | 65,4 |
| Мил. ЕУР | 547,1 | 670,1 | 123,0 | 22,5 |
| Мил.$ | 661,9 | 756,5 | 94,7 | 14,3 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2018 | I - VI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 15,0 | 18,8 | 3,8 | 25,6 |
| Мил. ЕУР | 103,0 | 108,6 | 5,6 | 5,5 |
| Мил.$ | 124,7 | 122,7 | -2,1 | -1,7 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2018 | I - VI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 380,9 | 391,4 | 10,5 | 2,8 |
| Мил. ЕУР | 255,6 | 288,4 | 32,9 | 12,9 |
| Мил.$ | 308,0 | 325,4 | 17,4 | 5,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2018 | I - VI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 446,2 | 432,3 | -13,8 | -3,1 |
| Мил. ЕУР | 242,9 | 222,6 | -20,3 | -8,4 |
| Мил.$ | 294,0 | 251,4 | -42,7 | -14,5 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2018 | I - VI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 33,4 | 39,1 | 5,7 | 17,2 |
| Мил. ЕУР | 414,2 | 485,3 | 71,1 | 17,2 |
| Мил.$ | 500,5 | 547,6 | 47,1 | 9,4 |

*)Претходни податоци

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2018 | I - VI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 29,7 | 33,4 | 3,7 | 12,4 |
| Мил. ЕУР | 347,3 | 372,1 | 24,8 | 7,1 |
| Мил.$ | 420,4 | 420,2 | -0,2 | -0,1 |

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јуни 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 2,3% односно 21,0 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Во јуни 2019 година трговскиот дефицит се намали за 48,4% односно 76,9 милиони евра споредено со јуни 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари - јуни 2019 година, 93,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Србија, Италија, Турција, Јужна Африка, Полска, САД и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,8% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 2,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,8% и 80,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,6 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 3,7 п.п. во однос на периодот јануари - јуни 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2018 | | | | | I - VI - 2019 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.177,9 | 3.085.773.124 | 61,5293 | 189.865.460.270 | 84,0 | 2.227,2 | 3.280.529.928 | 61,5117 | 201.790.972.779 | 80,3 | 194.756.804 | 6,3 |
| УСД | 716,5 | 668.154.518 | 50,8294 | 33.961.893.250 | 15,0 | 1.077,7 | 864.775.760 | 54,4614 | 47.096.898.559 | 18,7 | 196.621.242 | 29,4 |
| ГБП | 3,2 | 15.417.459 | 69,9269 | 1.078.095.142 | 0,5 | 1,9 | 11.315.330 | 70,4200 | 796.825.540 | 0,3 | -4.102.129 | -26,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.897,7 | | | 224.905.448.662 | 99,0 | 3.306,8 | | | 249.684.696.878 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.906,1 | | | 226.024.752.115 | 100,0 | 3.315,7 | | | 251.236.685.434 | 100,0 | | 11,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2019 година изнесуваа 96.211 милиони денари, односно 13,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,1% во однос на 2018 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 54.463 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се намалени за 0,4%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 24.068 милиони денари, идентично во однос на истиот период минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 36.474 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 12.406 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 3,7%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 11,7% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 4,3%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 2,3%.

Акцизите се остварени во износ од 12.037 милиони денари (учество од 22,1% во даночните приходи), што претставува зголемување од 1,6% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 36.105 милиони денари, што претставува 66,3% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 8.702 милиона денари и забележуваат раст од 16% на годишна основа, при што 63% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,5% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 8% од приходи од капитал, 6,6% од приходи по основ на договор на дело и 5,3% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во првите шест месеци изнесуваа 6.535 милиони денари и забележаа помало остварување за 20,5% во однос на истиот период претходната година, во услови на намалување на наплатениот износ на данокот

кај месечните аконтации за 10,1%, на доплатите по даночни биланси за 34,7% и на задржаниот данок за странски правни лица за 45,2%, додека пораст на наплатата има по основ на дивиденди и други распределби од 122,4%.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.855 милиони денари и забележаа зголемување од 2,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 266 милиони денари забележаа зголемено остварување за 9% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 29.419 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 9,3%, кај придонесите за вработување за 7,3% и кај придонесите за здравствено осигурување за 8,5%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 9.374 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2018 година забележаа поголемо остварување за 57,9% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 395 милиони денари, што е намалување од 51,3% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.883 милиони денари и се зголемени за 32,6% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и во периодот јануари - јуни 2019 година изнесуваат 67.302 милиона денари, односно 91,6% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 42,2% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 80,0% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во периодот јануари - јуни 2019 година

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

изнесува 45,3% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 9.342 милиона денари, што претставува 13,9% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 1.772 милиона денари, односно 2,4% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (66,3%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 540 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на отплата на трансфери и донации изнесува 243 милиони денари и претставува 48,6% од вкупните приходи на овој буџетски корисник. Приливите на средства по основ на задолжување во странство претставуваат 43,9% од вкупните приходи и изнесуваат 237 милиони денари.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 5,3% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - јуни 2019 година оствари приходи во износ од 37.592 милиона денари што претставува 51,8% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2019 година изнесуваа 103.242 милиона денари, односно 14,8% од БДП, што е за 8,5% повеќе во однос на 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 97.963 милиони денари учествуваа со 94,9% и се зголемени за 7,5% во однос на 2018 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 13.637 милиони денари што претставува зголемување за 4,4% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 7.774 милиони денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 14%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 73.824 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 6,9% споредено со јануари – јуни 2018 година и истите учествуваа со речиси 3/4, односно 71,5% во вкупните расходи.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 53.591 милион денари, забележаа раст од 8,5% и учествуваа со 51,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 32.862 милиона денари, што е зголемување за 9,1% споредено со 2018 година и учествуваат со 31,8% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,9%, односно забележаа поголема реализација за 2,9%, а се реализирани во износ од 19.512 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 8.325 милиони денари забележаа зголемување од 5,6%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 10.041 милион денари што е зголемување од 0,7% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 2.728 милиони денари, што е за 23,8% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 13,8%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 84%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 5.279 милиони денари со структурно учество од 5,1% во вкупните расходи, односно забележаа повисока реализација за 31,3% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 81,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - јуни 2019 година реализираше 21.848 милиони денари или 49,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (71,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени

15.664 милиони денари или 58,1% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 20,1% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 42,8% (4.386 милиони денари) од планираните за 2019 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Во првата половина на 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 14.544 милиони денари, што претставува 43,5% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 61,1% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 8.889 милиони денари, односно 54,4% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 18,8% од вкупните расходи, за што се реализирани 2.728 милиони денари или 30,3% од планираното.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - јуни 2019 година изврши буџетски средства во износ од 11.297 милиони денари, што е 43,2% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (63,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 7.137 милиони денари или 49,6% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,1%, за што се потрошени 1.709 милиони денари, односно 46,4% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 12,5% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.408 милиони денари, односно 33,7% од вкупно предвидените.

Во првите шест месеци од 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 5.553 милиони денари, што претставува 50,6% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 70,2%, за што се потрошени 3.900 милиони денари или 50,7% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

учество од 19,8%, за што се реализирани 1.101 милион денари или 56,2% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 5.794 милиони денари, што претставува 66,8% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 95,5% во вкупните расходи, реализирани се 83,7% од планираните средства.

Министерството за одбрана во периодот јануари - јуни 2019 година изврши буџетски средства во износ од 3.409 милиони денари, што е 41,0% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 56,4%, за што се реализирани 1.922 милиона денари, што претставува 48,4% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 22,1% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 753 милиони денари, односно 38,1% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во првата половина на 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 2.592 милиона денари, што е 40,0% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 53,1%, за што се потрошени 1.377 милиони денари или 48,0% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 38,2% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 990 милиони денари, односно 43,1% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 2.120 милиони денари, што е 29,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 25,9% од предвиденото (1.633 милиони денари), а учествуваат со 77,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите имаат учество од 19,2% во вкупниот буџет на овој корисник и за оваа намена извршени се средства во износ од 406 милиони денари, односно 56,6% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јуни 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 7.031 милион денари, што претставува 1,0% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 7.810 милиони денари и претставува 1,1% од БДП.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – јуни 2019 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 97.634 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 5,2% во однос на истиот период од 2018 година.

Од вкупниот број нововработени, 42,6% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јуни 2019 година 12,6% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во јуни 2019 година изнесува 189.506, од кои 101.658 се активни баратели на работа, а 87.848 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 1,8%.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (64,0%) се градско население, а според половата структура 52,5% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 63,6% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,9% се со завршено средно образование, додека 11,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 47,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,9% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална нето-плата во мај 2019 година оствари годишен раст од 3,1%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,0%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (10,0%), Градежништво (7,4%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (7,2%). Реалните плати во мај забележаа годишен раст од 1,7%.

Просечната номинална бруто-плата во мај 2019 година оствари годишен раст од 4,3%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (11,5%), Дејности на здравствена и социјална заштита (8,7%) и Градежништво (8,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 2,8%.

## Пензии

Во јуни 2019 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 319.033 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.484 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,3% се корисници на старосна пензија, 23,8% се корисници на семејна пензија и 10,9% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во јуни 2019 година изнесува 14.505 денари и е за 2,5% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,3%.

Просечната старосна пензија во јуни изнесува 15.790 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.128 денари, а просечната семејна пензија 11.611 денари. За исплата на пензиите во јуни 2019 година се потрошени 4.536 милиони денари, што претставува 50,7% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јуни 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (јуни 2019 година)




Извор: НБРСМ.

## Примарни пари

Во јуни 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 10,1% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките од 8,7% и раст на готовите пари во оптек од 11,2%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 3,2%, како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 6,0% и растот на готовите пари во оптек од 1,0%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[4] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во јуни 2019 година регистрираа раст од 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата се зголемија за 1,2% и 0,4%, соодветно.

Од аспект на валутата, во јуни 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,2%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,3%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2019 година оствари раст од 10,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 14,0% и 5,5%, соодветно.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јуни 2019 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **386.461** | **0,9%** | **10,5%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *233.106* | *1,2%* | *14,0%* |
| *Странска валута* | *153.355* | *0,3%* | *5,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *166.702* | *0,3%* | *4,2%* |
| *Долгорочни* | *107.295* | *0,1%* | *10,3%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **330.726** | **0,7%** | **8,1%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *195.584* | *0,3%* | *10,0%* |
| *Странска валута* | *135.142* | *1,2%* | *5,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *60.604* | *0,6%* | *6,1%* |
| *Долгорочни* | *249.153* | *0,8%* | *8,1%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *17.727* | *-1,1%* | *15,3%* |

Извор: НБРСМ

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 7,6% и 9,0%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,2%, а долгорочните депозити за 10,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,3%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

## Кредити на банките

Во јуни 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,7% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,2%. Од аспект на валутата, во јуни 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа раст од 0,3% и 1,2% соодветно.

На годишна основа, во јуни 2019 година вкупните кредити се зголемија за 8,1%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,9% и раст на кредитите кон претпријатијата од 6,5%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,0%, а кредитите во странска валута за 5,3%. Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат раст од 8,1%, а краткорочните кредити од 6,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,19%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 5,65%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п на месечно ниво и изнесува 4,64%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јуни 2019 година изнесува 1,41% и е непроменета. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити на месечно

ниво се намали за 0,01 п.п. и изнесува 1,93%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 0,80%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јуни 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 66,2% на месечно ниво, во услови на пад на прометот од класичното тргување и блок трансакциите од 23,0% и 57,5%, соодветно.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во јуни 2019 изнесуваше 374 милиони денари и истиот е намален за 61,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јуни 2019 година изнесуваше 3,821.61 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,3%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 14,7%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2019 година изнесуваа 2.928,2 милиона евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 0,9%, а во однос на јуни 2018 година за 10,8%.